

# СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
# ЕУ ЦЕНТАР

# *ЕУ ВЕСТИ*

 

***декември 2022 година***
***ЕУЦ-број 78/2022***

## САМИТ ЕУ - ЗАПАДЕН БАЛКАН



Целосната и недвосмислена посветеност на перспективата за членство на Западен Балкан во Европската Унија е потврдена на 8 декември 2022 година на Самитот во Тирана од страна на претседателката на Европската комисија, Урсула фон дер Лајен, претседателот на Европскиот совет, Шарл Мишел, високиот претставник Жозеп Борел, комесарот Оливер Вархеји, вклучително и од шефови на држави и влади на државите-членки на ЕУ и на Западен Балкан.

Тие повикаа на забрзување на пристапниот процес заснован на веродостојни реформи од страна на партнерите, правична и ригорозна условеност и принципот на сопствени заслуги.

„Организацијата на Самитот за првпат во регионот е јасен знак за силната посветеност на ЕУ кон Западен Балкан и нивниот пат кон ЕУ“, се истакнува во соопштението на Комисијата.

Претседателката на Европската комисија, Урсула фон дер Лајен, истакна дека овој самит „дава јасна порака за нашиот ангажман, нашето единство и нашето силно партнерство“.

Самитот претставува можност да се разгледа напредокот во спроведувањето на економскиот и инвестицискиот план од речиси 30 милијарди евра, што се фокусира на водечки проекти во зелената и дигиталната транзиција, одржливиот транспорт, чистата енергија, поддршката на приватниот сектор и развојот на човечкиот капитал, со цел да се помогне да се премости социоекономскиот јаз меѓу Западен Балкан и ЕУ.

ЕУ досега го потврди финансирањето на 40 проекти во областа на транспортот, поврзувањето, енергетската транзиција, зелената агенда, дигиталната транзиција и развојот на човечкиот капитал со 1,8 милијарди евра поддршка од ЕУ и вкупна инвестициска вредност од 5,7 милијарди евра.

Комисијата наведува дека пакетот опфаќа „додавање на Регионалната програма за енергетска ефикасност за енергетско ефикасно реновирање на приватни и на јавни згради, шест нови инвестициски грантови за обновливи извори на енергија, три шеми за грантови за енергетска транзиција на приватниот сектор и низа гаранции за поддршка на обновливите извори на енергија и дека се очекува во соработка со меѓународни финансиски институции да мобилизира до 2,5 милијарди евра вкупни инвестиции“.

Лидерите присуствуваа и на потпишувањето на Декларацијата од претставници на телекомуникациските оператори од ЕУ и од Западен Балкан за првото намалување на цените за роаминг меѓу регионот и ЕУ, почнувајќи од октомври 2023 година.

Ја засилува својата помош и соработка со Западен Балкан за зајакнување на кибер отпорноста, по серијата големи такви напади во регионот, вклучително и нова програма од 5 милиони евра за целиот регион, којашто треба да се спроведе на почетокот на 2023 година.

https://www.consilium.europa.eu

**Содржина на вести:**


| | |
|---|---|
| Самит ЕУ-Западен Балкан | 1 |
| Во фокусот на Европскиот парламент | 2 |
| Состанок на Советот за општи работи на ЕУ | 3 |
| Постигнат договор за формирање Влада на Данска | 3 |
| Собраниски активности поврзани со европските прашања | 4-5 |
| Заеднички приоритети н ЕУ за 2023 и 2024 година | 6 |
| Кршење на санкциите во ЕУ | 6 |
| Европската технолошка индустрија | 7 |
| Забрана за увоз на производи во ЕУ | 7 |
| Зголемени социјалнјите трошоци во ЕУ | 8 |
| Нова заедничка земјоделска политика | 8 |
| Извештај на Европската централна банка | 9 |
| Финансиска помош за вселенски истражувачки проекти во ЕУ | 9 |
| Усвоен единствениот прозорец на ЕУ за царините | 10 |
| Нови ЕУ-правила а пакувања и рециклажа | 10 |
| Статистички преглед за закрепнување на ЕУ | 11 |
| ЕУ календар / јануари 2023 | 11 |

## ВО ФОКУСОТ НА ЕВРОПСКИОТ ПАРЛАМЕНТ

www.europarl.europa.eu

На отворањето на декемвриската пленарна сесија на ЕП, претседателката на Европскиот парламент, Роберта Мецола, во нејзината изјава за скандалот со потпретседателката на ЕП, истакна дека со целосно почитување на презумпцијата на невиност ѝ ги одзела сите задачи и одговорности поврзани со нејзината улога како потпретседател.

Во извештајот усвоен со 526 гласа европратениците предлагаат мерки што повторно ќе ја осмислат социјалната, правната и политичката рамка за правата на лицата со попреченост и ќе помогнат во искоренувањето на стереотипите, способноста и заблудите. Тие повикуваат на систем кој промовира социјално учество, т.е. систем заснован на пристапни заедници, кои ги обезбедуваат потребните услуги и грижа, во согласност со Европската стратегија за попреченост.

Словенечкиот премиер, Роберт Голоб, во своето обраќање пред европратениците истакна дека ЕУ треба да се соочи со високите цени на енергијата и да спроведе регулаторна рамка, која ќе ги намали шпекулациите на енергетскиот пазар во корист на потрошувачите. Тој ја нагласи потребата за стабилизирање на Западен Балкан и негова понатамошна интеграција во Европа.

Европскиот парламент одржа дебата со Комисијата за сомневањата за корупција од страна на Катар и поширокатa потреба од поголема транспарентност во институциите на ЕУ. Отворајќи ја дебатата, комесарката за внатрешни работи, Илва Јохансон, истакна дека мора да има нулта толеранција за корупцијата. Јохансон најави дека Комисијата во 2023 година ќе предложи нов закон со кој се криминализираат сите форми на корупција во сите земји-членки, не само мито, туку и трговија со влијание, незаконско богатење, проневера и злоупотреба на власта, со строги казни.

Во дебатата со Советот и Комисијата за пред самитот на ЕУ, европратениците побараа пониски цени на енергијата и дозволување Бугарија и Романија да се приклучат на Шенген зоната.

Европратениците одобрија речиси 720 милиони евра помош од Фондот за солидарност на ЕУ по природните катастрофи во седум земји на ЕУ во 2021 година. Од помошта во висина од 718,5 милиони евра од Фондот за солидарност на Европската Унија (EUSF), 612,6 милиони евра се наменети за Германија, 87,7 милиони евра за Белгија, 4,7 милиони евра за Холандија, 797.520 евра за Австрија, 1,8 милиони евра за Луксембург, 9,5 милиони евра за вулканската ерупција во Ла Палма и 1,4 милиони евра за Крит, кој беше зафатен од земјотрес. Пакетот за помош беше одобрен со 555 гласа.

Наградата „Сахаров“ на Парламентот за 2022 година му беше доделена на храбриот народ на Украина, на церемонија на 14 декември. Тие беа претставени од нивниот претседател, избраните лидери и граѓанското општество на церемонијата во Стразбур.

Во усвоената резолуција, Европскиот парламент повика на прекин на долготрајниот израелско-палестински конфликт и окупација на палестински територии преку продолжување на вистинските мировни преговори.

Европратениците дадоа поддршка на плановите за зајакнување на распоредувањето на обновливите извори на енергија. Предложениот закон ќе ја забрза постапката за давање дозволи за нови електрани од обновлива енергија, како што се соларни панели или ветерници, или за адаптација на постојните.

Европскиот парламент усвои три резолуции за почитување на човековите права во Кина, Чад и во Бахреин.

Европратениците се залагаат за реформа на Буџетот на ЕУ, за што поефикасно да се одговори на потребите кои се развиваат, да се решат празнините во финансирањето и да се зголеми флексибилноста и одговорот на кризи.

Европарламентот усвои резолуција за „Зголемување на МФР 2021-2027: отпорен буџет на ЕУ погоден за нови предизвици“ со 366 гласа.

Европарламентот усвои резолуција за сомневањата за корупција од страна на Катар и поширокатa потреба од поголема транспарентност во институциите на ЕУ, со 541 глас. Тие ги осудуваат наводните обиди за корупција од страна на Катар, што би претставувало сериозно странско

## СОСТАНОК НА СОВЕТОТ ЗА ОПШТИ РАБОТИ НА ЕУ




На состанокот одржан на 13 декември Советот за општи работи на ЕУ ги одобри заклучоците за процесот на проширување и стабилизација и асоцијација.
Заклучоците ја оценуваат состојбата на кандидатите и партнерите на ЕУ, ги поставуваат насоките за реформските приоритети и ја потврдуваат посветеноста на Советот на политиката за проширување на ЕУ. Во согласност со ревидираната методологија за проширување, одобрена од Советот во 2020 година, фокусот е ставен на фундаменталните реформи во областите на владеењето на правото, основните права, економскиот развој и конкурентноста, зајакнувањето на демократските институции и реформите на јавната администрација.
Повикувајќи се на заклучоците на Советот од 18 јули 2022 година, Советот го поздравува одржувањето на Првата меѓувладина конференција со Северна Македонија на 19 јули 2022 година. Советот забележува дека Комисијата ја унапреди својата работа за спроведување на процесот на аналитичко испитување на правото на ЕУ (скрининг). Советот особено силно ја истакнува доследната соработка на Северна Македонија за прашањата од надворешната политика и целосното усогласување со заедничката надворешна и безбедносна политика на ЕУ, вклучително и за рестриктивните мерки на ЕУ – силен сигнал за стратешката определба на Северна Македонија на нејзиниот пат кон ЕУ.
На состанокот на Советот за општи работи на ЕУ, на 15 декември, годинава, беа донесени заклучоци за состојбата во Украина и во Русија. Советот го поздрави влегувањето на Хрватска во Шенген зоната и повика на доделување кандидатски статус на Босна и Херцеговина. Понатаму, Советот се осврна и на зајакнување на економската отпорност на ЕУ и зајакнување на безбедноста и одбраната.

https://www.consilium.europa.eu

## ПОСТИГНАТ ДОГОВОР ЗА ФОРМИРАЊЕ ВЛАДА НА ДАНСКА



Данската премиерка, Мете Фредериксен на 16 декември 2022 година го претстави својот кабинет, во кој се вклучени министри од три коалиции и ги надминува поделбите лево-десно. Во владата се лидерот на Либералната партија, Елеман Јенсен, кој е министер за одбрана и поранешниот премиер, Ларс Локе Расмусен, на функцијата министер за надворешни работи.
За првпат по 44 години е формирана ваква центристичка влада, со што се стави крај на деceниската конфронтација меѓу двата блока.
Владата ќе има 23 министерства, од кои социјалдемократите на Фредериксен ќе добијат 11, либералите 7 и умерените 5 министерски места.
Новата владејачка коалиција беше објавена на 14 декември 2022 година, вечерта, на крајот од 42-от ден од разговорите по општите избори одржани на 1 ноември, годинава.
Трите партии контролираат 89 места во 179 члениот парламент и се поддржани од четворица пратеници, кои ги претставуваат полунезависните дански територии Гренланд и Фарските Острови.
Последен пат со Данска владееше центристичка коалиција во 1978 година, кога социјалдемократите ги здружија силите со либералите, а таа коалиција траеше само осум месеци.

https://www.euronews.com

## СОБРАНИСКИ АКТИВНОСТИ ПОВРЗАНИ СО ЕВРОПСКИТЕ ПРАШАЊА



Претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, Талат Џафери, на 7 декември 2022 година оствари средба со министерот за надворешни работи на Република Бугарија, Николај Милков. На средбата двајцата соговорници се согласија дека добрите економски односи треба да ги следат и добри политички односи. Потребно е двете земји да воспостават продлабочен и суштински дијалог, со цел да се изнајдат пријателски и конструктивни решенија, кои ќе ги задоволат двете страни во рамките на нивните национални интереси и позиции.

www.sobranie.mk




На 12 декември 2022 година Џафери оствари средба со претседателот на Собранието на Република Косово, Глаук Коњуфца. На средбата присуствуваше и претседателот на Пратеничката група на Собранието на Република Северна Македонија за соработка со Собранието на Република Косово, Африм Гаши. На средбата Џафери нагласи дека билатералните односи меѓу Република Северна Македонија и Република Косово се на високо ниво, со успешната соработка во бројни полиња од заемен интерес, отворен дијалог на сите нивоа и без отворени прашања. Соговорниците разменија мислења за соработката на полето на инфраструктурното поврзување, со кое ќе се олеснат комуникацијата и контактите меѓу граѓаните од двете земји.



На 1 декември 2022 година Националната конвенција за Европската Унија (НКЕУ-МК), ја одржа Петтата пленарна сесија. Темите на двете панел дискусии беа: „Основите на европската интеграција: владеење на правото и спроведени реформи и „Како да се справиме со климатските промени и социјалните последици во земјоделството, шумарството и животна средина“. Свое излагање на Конвенцијата имаа претседателот на државата, Стево Пендаровски, претседателот на собраниската Комисија за европски прашања, Арбер Адеми, претседателот на Националниот совет за евроинтеграции, Александар Николоски, амбасадорот на Европската Унија во Република Северна Македонија, Дејвид Гир, заменикот шеф на мисијата во Амбасадата на САД во Република Северна Македонија, Ерик Мејер и словачкиот амбасадор, Хенрик Маркуш.

Во панел дискусијата учествуваа и министри и професори, експерти од правната сфера и претставници на невладини организации и граѓански здруженија.

## СОБРАНИСКИ АКТИВНОСТИ ПОВРЗАНИ СО ЕВРОПСКИТЕ ПРАШАЊА



На 13 декември 2022 година Александар Николоски, член на Делегацијата на Собранието во Парламентарното собрание на Советот на Европа, учествуваше на седница на Комисијата за правни прашања и човекови права на ПССЕ каде што е член. Комисијата го избра Александар Николоски за генерален известувач за укинување на смртната казна, кој има мандат да интервенира во прашања коишто се однесуваат на укинувањето на смртната казна во различни контексти (земји-членки и набљудувачи, партнери за демократија, држави што аплицираат за таков статус). Тој периодично известува до Комисијата за собраните информации и за преземените активности. Неговиот мандат трае една година и може да биде реизбран најмногу двапати. Николоски за првпат е избран како претставник на нашето Собрание на оваа позиција.



Пратеникот Мартин Костовски на 9 декември 2022 година учествуваше на седницата на Постојаниот комитет на Парламентарното собрание на Процесот за соработка во Југоисточна Европа (ПС на ПСЈИЕ), што се одржа во Подгорица, Црна Гора, во рамките на црногорското претседателство со ПСЈИЕ. Во рамки на седницата на Постојаниот комитет се одржа дискусијата за одредување на седиштето на Постојаниот секретаријат на ПС на ПСЈИЕ, на која учествуваше пратеникот Костовски. Тој истакна дека е неопходно што поскоро да се формира постојан меѓународен секретаријат на Собранието, кој ќе придонесе за поширoко политичко влијание и видливост на Процесот за соработка во Југоисточна Европа и зајакнување на соработката меѓу парламентите - учеснички во процесот, како и соработката со другите меѓупарламентарни собранија.

Делегација на Собранието на Република Северна Македонија во ПАБСЕК, во чиј состав се шефот на Делегацијата, Лидија Тасевска и членовите Вјолца Адеми и Благица Ласовска, учествуваа во работата на 60. Генерално собрание на ПАБСЕК, што се одржа од 6 до 8 декември во Белград, Репбулика Србија. По свечениот дел, Собранието ги верификуваше мандатите на нашата делегација, со што Собранието на Република Северна Македонија стана и официјално најмлада членка на ПАБСЕК.



## ЗАЕДНИЧКИ ПРИОРИТЕТИ НА ЕУ ЗА 2023 И 2024 ГОДИНА




Претседателката на Европскиот парламент, Роберта Мецола, чешкиот премиер, Петр Фиала, за Советот на Европската Унија и претседателката на Комисијата, Урсула фон дер Лајен, на 15 декември 2022 година ја потпишаа Заедничката декларација за законодавните приоритети на ЕУ за 2023 и 2024 година, надоградувајќи се на солидниот напредок во минатата година.

Заедничката декларација поставува заедничка европска визија за посилна и поотпорна Европа наспроти неиспровоцираната агресија на Русија против Украина и нејзиното широко влијание – истовремено соочувајќи се со други сериозни предизвици, како што се климатската криза и економските ветрови. Европската Унија ќе продолжи да ја забрзува двојната зелена и дигиталната транзиција.

Декларацијата ги нагласува клучните законски предлози, кои во моментов се во рацете на Европскиот парламент и на Советот, или ќе бидат изнесени од Европската комисија во 2023 година - Зелен договор, постигнување на дигиталната транзиција и зајакнување на отпорноста на ЕУ, создавање економија што работи за луѓето, правење на Европа посилна во светот, промовирање на нашиот европски начин на живот и заштита на нашата демократија и вредности. Трите институции имаат за цел да постигнат најдобар можен напредок на иницијативите вклучени во Заедничката декларација до следните европски избори во 2024 година.

Институциите на ЕУ ги поздравуваат резултатите од Конференцијата за иднината на Европа и ги потврдија своите заложби за следење на предлозите, секој во рамките на својата сфера на надлежност. Многу од предлозите на Конференцијата веќе се рефлектирани во работната програма на Комисијата за 2023 година. Трите институции на ЕУ ќе продолжат да работат заедно врз основа на оваа Заедничка декларација и придружниот работен документ, во кој се наведени околу 164 клучни законски предлози.

https://ec.europa.eu

## КРШЕЊЕ НА САНКЦИИТЕ ВО ЕУ




Европската комисија на 2 декември 2022 година објави предлог-директива, според која кршењето, заобиколувањето или ограничувањето на санкциите кон трета земја би се сметало за казниво дело во сите земји-членки на Европската Унија.

Европската комисија предлага серија заеднички правила, што треба да ја олеснат истрагата, гонењето и казнувањето на прекршувањата на рестриктивните мерки во сите земји-членки. Тоа значи дека заобиколувањето или обидот да се заобиколат рестриктивните мерки со прикривање имот или прикривање на фактот дека некое лице е крајниот сопственик на имотот, ќе стане кривично дело. Во зависност од кривичното дело лицето би можело да се казни со максимална затворска казна над пет години, а компаниите би можеле да подлежат на санкции во висина од најмалку 5% од вкупниот промет на светско ниво, наведе ЕК.

Според ЕК од клучно значење е целосно да се спроведат рестриктивните мерки на ЕУ и да се казни прекршувањето на тие мерки додека продолжува руската агресија врз Украина.

Спроведувањето на рестриктивните мерки е предизвик, бидејќи не е лесно да се одредат имотите на руските олигарси, што се скриени во различни јурисдикции, благодарение на сложените правни и финансиски структури. Предложената директива ќе ги затвори постојните правни дупки и ќе го зголеми застрашувачкиот ефект на кршење на санкциите на ЕУ.

https://ec.europa.eu

## ЕВРОПСКАТА ТЕХНОЛОШКА ИНДУСТРИЈА



Европската технолошка индустрија годинава загубила повеќе од 400 милијарди долари, покажуваат податоците на лондонската компанија „Атомико“, која врши проценки на ризиците во капиталот.
Вкупната вредност на сите јавни и приватни европски технолошки фирми падна на 2,7 трилиони долари од 3,1 трилиони долари на крајот на 2021 година, соопштува „Атомико“ во објавениот годишен извештај: „Состојбата на технологијата во Европа“ на 7 декември 2022 година.
„Тие бројки покажуваат дека ова беше многу тешка година за технологијата“, пренесува „Си-Ен-Би-Си“. Некогаш високо ценетите акции на технолошките компании се под притисок на глобалните фактори, вклучително и руската инвазија на Украина и заострувањето на монетарната политика од страна на централните банки.
Федералните резерви и другите централни банки ги зголемуваат клучните каматни стапки и ги намалуваат стимулациите од ерата на пандемијата, за да ја зауздаат растечката инфлација. Тоа ги поттикна инвеститорите да ги преиспитаат своите позиции во технолошките компании што генерираат загуби.
„Оваа беше тешка година – војната во Украина, инфлацијата, зголемувањето на каматните стапки, геополитичките тензии низ целиот континент. Тоа е најпредизвикувачкото макроекономско опкружување од глобалната финансиска криза“, истакна за „Си-Ен-Би-Си“ Том Вемаjер, партнер во „Атомико“.
Одредени технолошки фирми во Европа претрпеа остар пад на пазарната вредност.
Се проценува дека оваа година вкупното финансирање на европските стартапи ќе падне на 85 милијарди долари, посочува извештајот на „Атомико“ изработен врз основа на квантитативни податоци и анкети во 41 земја. Тоа е за 18% помалку од повеќе од стоте милијарди долари собрани од европските стартапи во 2021 година. Проценетата сума, сепак, сè уште според обемот е втора по големина досега инвестирана во европскиот технолошки екосистем, посочуваат од „Атомико“.

https://www.euronews.com

## ЗАБРАНА НА УВОЗ НА ПРОИЗВОДИ ВО ЕУ



Европскиот парламент и владите на земјите-членки на Европска Унија на 6 декември 2022 година постигнаа договор да се забрани увозот во ЕУ на повеќе производи, кои придонесуваат за уништување на шумите.
Во соопштението на ЕП се наведува дека во периодот од 1990 до 2020 година уништени се шуми на површина поголема од ЕУ и оти потрошувачката на производи во Европа е одговорна за околу 10 проценти од овие загуби.
Договорот таргетира неколку производи како какао, кафе, соја или палмино масло. Засегнати се и дрвото, говедското месо и гумата, како и неколку придружни материјали (кожа, чоколадо, мебел, хартија, јаглен и друго.). Нивниот увоз ќе биде забранет доколку овие производи потекнуваат од обесшумена земја по 31 декември 2020 година. ЕП истакнува дека ќе се земат предвид штетите нанесени на сите шуми. Компаниите увозници ќе бидат одговорни за нивниот синџир на снабдување.
Текстот беше предложен во ноември 2021 година од страна на ЕК. Европратениците во септември гласаа за значително зајакнување, со проширување на опсегот на засегнати производи. Европарламентот побара опсегот на текстот да се прошири и на други загрозени шумски екосистеми, како што е саваната Серадо. Договорот постигнат меѓу преговарачите на Парламентот и земјите-членки предвидува дека ова проширување „на друго шумско земјиште” мора да се оцени најдоцна една година по стапувањето во сила на текстот.

https://www.europarl.europa.eu

## ЗГОЛЕМЕНИ СОЦИЈАЛНИТЕ ТРОШОЦИ ВО ЕУ



Трошоците за социјална заштита продолжија да растат во сите земји на ЕУ во 2021 година поради сумите доделени за вакцинација и тестови за Ковид-19.
Според истражувањето за социјална заштита објавено на 15 декември 2022 година од страна на францускиот статистички завод на министерствата за социјална заштита, паричните надоместоци се зголемиле во просек за 2,4% во Франција во 2021 година и за 3% во ЕУ по „исклучителното зголемување“ во 2020 година, кога скокнале за 6,9%, односно 8,3%.
Франција е земја од ЕУ која одвоила најмногу средства за социјална заштита во однос на нејзиниот бруто домашен производ или 33,3% од БДП, потоа Австрија (31,8%) и Италија (31,5%), додека европскиот просек е 29%.
Во однос на трошењето по глава на жител за социјална заштита, Австрија води (14.500 евра), потоа Германија (14.000 евра), Данска (13.850 евра) и Франција (12.350 евра) со европски просек од 10.150 евра.
Растот на трошоците за социјална заштита во 2021 година беше поттикнат од вакцинацијата и тестирањето за Ковид-19, а трошоците за здравствени ризици (+ 9,6%) ги надминаа трошоците за заштита на работните места (-18,2%), со цел да се намали делумната невработеност.
Покриеноста за ризикот од сиромаштија и социјална исклученост, исто така, се зголеми (+6,7%), најмногу на крајот на 2021 година со спроведувањето на првите мерки за соочување со почетокот на инфлацискиот скок.

https://ec.europa.eu

## НОВА ЗАЕДНИЧКА ЗЕМЈОДЕЛСКА ПОЛИТИКА



Одобрувањето на сите 28 стратешки планови (еден за секоја земја на ЕУ и два за Белгија) од страна на Европската комисија го означува почетокот на новата Заедничка земјоделска политика (ЗЗП), која ќе почне да се применува од 1 јануари 2023 година.
Кофинансирањето и дополнителното национално финансирање ќе го доведат вкупниот јавен буџет посветен на земјоделците и руралните заедници на ниво од 307 милијарди евра за периодот 2023-2027 година. Другите програми кои спаѓаат во надлежностите на ЗЗП, но надвор од Стратешките планови на ЗЗП, како што е програмата POSEI за најоддалечените региони, училишната шема на ЕУ, програмите за промоција, ќе имаат корист од дополнително финансирање од ЕУ во висина од 6 милијарди евра.
Европската комисија го претстави својот предлог за реформа на Заедничката земјоделска политика (ЗЗП) во 2018 година, воведувајќи нов начин на работа за модернизација и поедноставување на политиката на ЕУ за земјоделството. Новото законодавство за ЗЗП беше официјално усвоено на 2 декември 2021 година.

https://ec.europa.eu

## ИЗВЕШТАЈ НА ЕВРОПСКАТА ЦЕНТРАЛНА БАНКА



Европската централна банка (ЕЦБ) предупреди дека може да ја затвори годината со загуба, бидејќи со зголемувањето на каматните стапки за да се ограничи инфлацијата, ги зголеми и сопствените обврски кон комерцијалните банки.
Во годините на слаб економски раст и ниска инфлација, ЕЦБ ги намали каматните стапки, на банките им понуди поволни заеми и купуваше обврзници со цел да ја поддржи економската активност и ликвидноста во зоната на примена на заедничката европска валута.
Каматната стапка на депозитите на комерцијалните банки е спуштена на негативна територија, на минус 0,5%, за да ги поттикнат да инвестираат пари во стопанството и да ја поддржат потрошувачката.
Инфлацијата силно зајакна во 2021 година, поттикната од ненадејното закрепнување на активноста од корона кризата, а во оваа година растот на цените дополнително се забрза поради скокот на цените на енергијата под влијание на руската инвазија на Украина и западните санкции против Русија.
За да ја спречи инфлацијата, ЕЦБ ги зголеми каматните стапки, вклучително и каматната стапка на депозитите, која сега изнесува 1,5%. Тоа значи дека треба да им плати на комерцијалните банки огромна камата за нивните околу пет трилиони евра депозити, што самата им помогна да ги акумулираат.
Проблеми може да предизвика и програмата за купување обврзници, која требаше да резултира со пониски каматни стапки за време на кризата, бидејќи централните банки презедоа дел од ризикот за зголемување на каматните стапки од пазарот.
Некои од нејзините акционери, како што се германските, холандските и белгиските централни банки, исто така се во паника, а тоа на крајот може да принуди некои од нив да побараат помош од државата.

https://www.ecb.europa.eu

## ФИНАНСИСКА ПОМОШ ЗА ВСЕЛЕНСКИ ИСТРАЖУВАЧКИ ПРОЕКТИ ВО ЕУ




Европската комисија ги објави резултатите од повиците за предлози поврзани со вселената 2021–2022 година во рамките на Хоризонт Европа. Скоро 200 милиони евра ќе се насочени во поддршка на 49 вселенски истражувачки проекти имплементирани од Европската здравствена и дигитална извршна агенција (HaDEA) и од Агенцијата за вселенска програма на ЕУ (EUSPA). Избраните проекти ќе ја поттикнат конкурентноста и технолошката независност на вселенскиот сектор на ЕУ, а истовремено ќе ги консолидираат водечките компоненти на Вселенската програма на ЕУ и ќе развијат нови апликации и услуги надолу.
Избраните проекти го нагласуваат европскиот пристап до вселената, како и идните технологии како што се квантните, вселенските временски услови и вселенската наука. Истражувањето и иновациите играат клучна улога во воздушниот сектор, поттикнувајќи го спојувањето на науката и технологијата во многу области, вклучително временските услови и климата, метрологијата, механиката и енергетскиот инженеринг, истакна Марија Габриел, комесар за иновации, истражување, култура, образование и млади.
Проектите поврзани со вселената се очекува да добијат близу 1,6 милијарди евра во текот на седумте години од спроведувањето на Хоризонт Европа, што претставува просечно 225 милиони евра годишно, вклучувајќи ги и активностите делегирани на EUSPA.

https://ec.europa.eu

## УСВОЕН ЕДИНСТВЕНИОТ ПРОЗОРЕЦ НА ЕУ ЗА ЦАРИНИТЕ



На 24 октомври 2022 година Советот усвои нови правила со кои се поставуваат соодветни услови за дигитална соработка помеѓу Царината и партнерските надлежни органи. Ефикасното царинење и контроли се од суштинско значење за да се овозможи непречено одвивање на трговијата, а истовремено да се заштитат граѓаните на ЕУ, бизнисите и животната средина. Откако целосно ќе се имплементираат, бизнисите повеќе нема да мора да поднесуваат документи до неколку органи преку различни портали. Опкружувањето со еден прозорец ќе им овозможи на царинските и другите органи автоматски да проверат дали предметната стока е во согласност со барањата на ЕУ и дали се завршени потребните формалности.
Новите правила се очекува да го зајакнат непречениот тек на прекуграничната трговија и ќе помогнат да се намали административното оптоварување за трговците, особено со заштеда на време и поедноставно и автоматизирано царинење.
Комисијата предлогот за воспоставување единствен прозорец на ЕУ за царините и изменување на регулативата (ЕУ) бр. 952/2013 го изнесе на 29 октомври 2020 година.
Сите релевантни органи на надворешните граници на ЕУ ќе можат да пристапат до релевантните податоци по електронски пат и полесно да соработуваат при граничните проверки. Ќе може полесно да ги спроведеме нашите високи европски стандарди во области како што се здравјето и безбедноста, животната средина, земјоделството или меѓународното наследство, истакна чешкиот министер за фикнансии, Збинек Станјура.

https://www.consilium.europa.eu

## НОВИ ЕУ-ПРАВИЛА ЗА ПАКУВАЊА И РЕЦИКЛАЖА



Европската комисија го презентираше својот предлог за нови правила во цела ЕУ за да се намалат пакувањата што создаваат непотребен отпад.
Со новите правила што ги предлага Европската комисија целта е да се олеснат информациите кои ги добиваат потрошувачите и индустријата во однос на биоразградливата пластика, а се воведува и нова ЕУ рамка за сертификација на високо квалитетно отстранување карбон, но на доброволна база.
Ова, смета Европската комисија, ќе биде важен дел од нејзиниот Зелен договор и од Планот за циркуларна економија за постигнување на климатските амбиции на ЕУ.
Според студиите европските граѓани во просек генерираат 180 килограми отпад од пакувања и доколку не се преземе ништо оваа бројка ќе достигне 215 килограми до 2030 година.
Со овие нови правила Европската комисија е уверена дека ќе се стопира овој тренд и ќе се обезбеди рециклирано пакување и ќе се намали непотребното пакување. Што се однесува до доброволната рамка за сертификација на отстранување карбон, предлогот ќе поттикне иновација во областа на технологиите за отстранување карбон во земјоделството и ќе придонесе за нула загадување.

https://ec.europa.eu

## СТАТИСТИЧКИ ПРЕГЛЕД ЗА ЗАКРЕПНУВАЊЕ НА ЕУ

„Евростат“ го објави декемвриското издание на интерактивниот статистички преглед за обновување. Прегледот содржи месечни и квартални показатели од голем број статистички области суштествени за следење на економското и социјалното закрепнување од пандемијата Ковид-19, по земји и време. Во декември, годинава, се забележува дека ндустриското производство во ЕУ и инфлацијата паѓаат, додека економското расположение се подобрува.
Откако економијата на ЕУ умерено порасна во третиот квартал (К-3) 2022 година, индустриското производство и трговијата на мало се намалија во октомври 2022 година, но сепак останаа над нивните нивоа пред пандемијата.
Инфлацијата во ЕУ падна во ноември 2022 година за првпат по 17 месеци поради забавување на цените на енергијата. Во истиот месец, економското расположение на ЕУ се подобри за првпат во девет месеци, но остана далеку под нивото пред пандемијата. Последното зголемување беше поттикнато од закрепнувањето на довербата на потрошувачите, што повеќе од го надмина дополнителното влошување на довербата во индустријата. Расположението во услугите, трговијата на мало и градежништвото остана, главно, непроменето.
Што се однесува до пазарот на трудот во ЕУ и вишокот морталитет, во октомври 2022 година стапката на невработеност падна малку подалеку под нивото пред пандемијата, додека вишокот на смртност се зголеми за првпат од јули 2022 година.
Можете да ја прочитате целосната анализа со кликнување на „Коментар на Евростат“ на насловот на контролната табла. Контролната табла се ажурира секој месец со најновите достапни податоци за секој индикатор.




### ДОНЕСЕНИ ЗАКОНИ ВО МЕСЕЦ ДЕКЕМВРИ 2022 ГОДИНА

1. *Закон за техничките барања за производите и оцена на сообразност.

***ЕУ КАЛЕНДАР / јануари 2023***

1. *Пленарна сесија на Европскиот парламент, 16-19 и 26/01/2023, Стразбург.*




**Корисни линкови за електронски публикации на ЕУ:**
https://publications.europa.eu/en/home
https://europa.eu/european-union/documents-publications
http://www.europarl.europa.eu/visiting/en/brussels/parlamentarium

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА
СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**ЕУ ЦЕНТАР НА СОБРАНИЕТО**

Адреса: „11 Октомври“ бр. 10, Скопје, 1000

Телефон: +389 2 3 11 22 55 локал 414
Факс: +389 2 3 182 277
Е-пошта: nsei@sobranie.mk
Канцеларија 019

www.sobranie.mk

*Во Собранието беше спроведен ИПА Проект за „Техничка помош за Парламентот" во периодот од јануари 2011 до јуни 2012 година, чија општа цел беше зајакнување на институционалниот капацитет на Собранието и со тоа подобрување на неговата транспарентност и одговорност пред граѓаните.*

*Во рамките на ИПА проектот беше обезбедена финансиска и стручна помош за воспоставување ЕУ центар во Собранието.*

*Целта на формирањето на ЕУ центарот е на пратениците во Собранието и на Службата да им се обезбеди подобар пристап до информации поврзани со ЕУ прашања.*

*ЕУ центарот организациски е во рамките на Секторот за поддршка на Националниот совет за евроинтеграции и следење на евроинтеграциите.*

*ЕУ центарот располага со библиотека од книги и публикации од различни области на европските политики.*




